ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 26.01.2015

# СООПШТЕНИЕ

## Крводарителна акција во ФЗОМ

Денеска во Фондот за здравствено осигурување на Македонија во просториите на централата и на подрачните служби, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Црвениот крст се одржа крводарителна акција под мотото „Фондовско срце“.



ФЗОМ како институција која ги штити интересите на осигурениците во остварување на правата од здравственото осигурување, од годинава е носител на проектот на Владата на Република Македонија **„Унапредување на крводарителството во јавните институции“,** и започна своја реализација во 2015 година, информираше директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова**.** Како што нагласи таа, примарната цел на проектот е унапредување на крводарителството во јавните институции преку давање сопствен пример, но и обезбедување на потребните крвни единици во земјата. Фокусот е на вработените во државните и јавни институции, како и на младата популација, бидејќи истата е основа за прибирање на крвни единици во иднина и создавање на навика кај здравите луѓе за дарување крв. Свеста за крводарителството како хуман чин треба да се зголемува преку сопствениот пример, имено, преку крводарителски акции во јавниот сектор сакаме да влијаеме на свеста на јавноста за крводарителството. Од 300 вработени во централата и подрачната служба Скопје, пријавени се 100 лица да даруваат крв. На оваа акција ние како вработени во институција која има секојдневен контакт со здравствени установи и самите

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

пациенти, ја покажуваме нашата лична солидарност, хуманост и допринос во здравствениот систем, додаде Парнарџиева-Змејкова.




Во 2015 година со оваа прва крводарителна акција во ФЗОМ, се започнува со една голема акција, согласно акцискиот план на Владата на Република Македонија, во која ќе се вклучат и Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација со своите подрачни служби. Истовремено ќе се продолжи во оние јавни институции кои се веќе вклучени и редовно организираат крводарителски акции. Согласно акцискиот план, се планира крводарителските акции редовно да се одржуваат во јавните институции двапати годишно.

Носител на проектот покрај ФЗОМ е и Црвениот крст на Македонија, согласно законската регулатива која предвидува организацијата на Црвениот крст да е организатор на крводарителски акции.

ФЗОМ по втор пат организира крводарителна акција и планира тоа да го прави и во иднина, истакна директорот Џемали Мехази.

